ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

CRPM

Кратка анализа бр. 17

# В Е Т О ЗА МАКЕДОНИЈА
# ПОБЕДА НА ГРЧКИОТ НАЦИОНАЛИЗАМ
# И КАКО ПОНАТАМУ

Април 2008
Скопје

*Центар за Истражување и Креирање на Политики (ЦИКП) е независен и непрофитен истражувачки институт настанат како резултат на потребата од независни, темелни и точни истражувања во областа на применетите (јавните) политики. ЦИКП подготвува анализи и го набљудува процесот на креирање политики во Македонија. Со своите истражувања и објективни анализи базирани на факти и теренски истражувања Центарот се стреми да покрене дебата околу битни социо-економски прашања за Македонија. ЦИКП се состои од група на експерти од земјата, како и надворешни соработници од повеќе Европски земји. Експертите се образовани и имаат искуство во разни области како на пример-политикологија, право, економија, меѓународни односи, и социологија.*

*ЦИКП цели кон пополнување на јазот помеѓу законските решенија и јавните политики и реалната ситуација преку конкретни анализи како и лобирање (advocacy) на истите.*

*Областите во кои членовите на ЦИКП моментално работат се следниве:*

*а) Социо-економски Развој на Општините*

*б) Истражување на Македонската Политичка Сцена преку Студии на Јавното Мнение т.н., Студии Пред и После Избори (national election studies на Универзитетот во Мичиген)*

*в) Истражувања во Здравството и Здравствената Заштита (финансирање, рационализација на здравствените услуги, и т.н. quality assurance)*

*г) Социјално Осигурување (пензиски системи)*

*д) Добро Владеење (мониторинг на децентрализацијата на локално ниво)*

*ѓ) Градење на Капацитети на НВОа, групи на граѓани и професионални организации преку тренинзи за тоа како се вршат истражувања на јавните политики (policy analysis).*

*е) Евроинтегративни процеси*

*ж) Евалуација на ефикасноста на јавните политики/регулативите/законите*

*Сметаме дека подготовката на студии на случај за Македонските социо- економски проблеми на микро ниво ќе го помогне процесот на креирање на добри односно квалитетни јавни политики. Исто така, убедени сме дека е повеќе од потребно да се работи на евалуација на јавните политики во различните сектори за истите да бидат подобрени и поблиски до потребите на граѓаните.*

Според Енциклопедија Британика најпрвин „Europa“ се сметала како „Копно“... прикладен опис за развивачките, **посеверни земји** кои се простираат некаде подалеку, земји со свои карактеристики но многу слабо познати... целосно поинакви од концептите како Азија и Либија, двете релативно просперитетни и цивилизирани и кои се во близок контакт со културата на Хелените и нивните претходници. Во земјите кои се наоѓаат на северот од Грција денес ја имаме и Република Македонија.

На Македонија неодамна не и’ беше упатена покана за членство во НАТО поради **грчкото вето**. На Самитот на НАТО во Букурешт, лидерите засега одбија да и’ испратат покана за приклучување кон Алијансата откако Грција ја блокираше одлуката поради името на поранешната југословенска република.[1] Генералниот секретар на НАТО, Јап Де Хоп Шефер на конференцијата за печатот рече: „Ние се согласивме дека поканата ќе и’ биде упатена на поранешната југословенска Република Македонија веднаш штом ќе се постигне взаемно прифатливо решение за прашањето на името“.

Официјалниот став на грчкото Министерство за надворешно работи е дека „е невозможно да и’ се дозволи на БЈРМ пристап во ЕУ и НАТО под името Република Македонија“ и дека „ Славомакедонците од БЈРМ инсистираат и понатаму на својот непопустлив и негативен став во однос на решавањето на прашањето“[2]. Според министерот за надворешни работи на Грција, Дора Бакојани, името „Република Македонија“ ...е поврзано со подготвен **план за преземање** на грчка територија, која има грчки идентитет повеќе од три милениуми и исто така е поврзано со големата болка и страдање на грчкиот

[1] http://www.reuters.com/article/topNews/idUSL0327252820080403, On the Greek veto see also http://www.ana-mpa.gr/anaweb/user/showplain?maindoc=6305115&maindocimg=6305032&service=6
[2] http://www2.mfa.gr/www.mfa.gr/en-US/Policy/Geographic+Regions/South-Eastern+Europe/Balkans/Bilateral+Relations/FYROM/FYROM+-+THE+NAME+ISSUE.htm

народ.[3] Атина инсистира Скопје да користи сложено име како „Горна“ или „Нова“ Македонија.

Барањето кон Македонија да се негира себеси, всушност, е без прецедент и без било какви оправдување. Всушност, „спорот“ околу името е еуфемизам кон грчките забелешки, понекогаш директни и отворни а понекогаш индиректни и прикриени, кон самото постење на македонската држава и нација. Грците користат имиња како што се „Славомакедонци“, „Скопјани“[4], „БЈРМ“ и „БЈРМијанци“[5] кои се **етнички навреди и кои се целосно непочитување на човековите права** и вредности од страна на Грците. Тие се исти навреди како и „црнчиште“ (нигер) кои се користат во навредлив расистички контекст против Афро-американците. За жал, во случајот на грчката надворешна политика во деведесеттите години кон Македонија и Македонците, видовме дека не само академската туку и меѓународната заедница на држави ги затвораше своите очи кон расистичкото дивеење околу прифаќањето на Републиката во Обединетите нации во почетокот на деведесеттите години и денес во НАТО.

Грчката надворешна политика кон Македонија е резултат на идеологија на етнички национализам кој доминира во грчкото општество уште од неговото формирање. Грција го негира постоењето на македонската нација и на македонското малцинство на нејзината територија поради тоа што таквото признавање би одело спротивно на приказните за етничката хомогеност и чистота кои го дефинираат грчкиот етнички национализам.[6] Македонците не може да постојат од едноставна причина дека **никој кој не е Грк не може да постои во рамките на Грција**. Во Грција, како и во повеќето држави во кои доминира идеологијата на етничкиот национализам,

[3] http://www.iht.com/articles/2008/03/31/opinion/edbakoy.php
[4] http://www.ana-mpa.gr/anaweb/user/showplain?maindoc=6284332&maindocimg=6267967&service=10
[5] http://www2.mfa.gr/www.mfa.gr/en-US/Policy/Geographic+Regions/South-Eastern+Europe/Balkans/Bilateral+Relations/FYROM/FYROM+-+THE+NAME+ISSUE.htm
[6] Takis Michas, *The Unholy Alliance: Greece and Milosevic's Serbia during the 1990s*, Texas A & M University Press, 2002.

„правото на постоење“, како и секое друго право, произлегува од припадноста на тоа лице кон доминантната етничка група а не од неговото/ нејзиното учество во политичкото делување, нејзиното/ неговото плаќање на даноци кон државата или неговото/ нејзиното почитување на Уставот на државата.

Македонија има легитимно право на своето име и идентитет. Ова право се базира на повеќе аргументи и тоа правни, морални, историски или, едноставно, аргументи базирани на либерално-демократски идеи. Самоопределувањето е принцип, кој најчесто се гледа како морално и законско право, дека „сите луѓе имаат право слободно да го изразуваат својот политички статус и слободно да го спроведуваат својот економски, општествен и културен развој.“[7] Есента 1991 година, по летото со насилства најпрвин во Словенија а потоа и ширум Хрватска, Македонија го искористи своето **право на самоопределување**. На 8 септември 1991 година беше одржан референдум на кој повеќе од 95% од гласачите гласаа за самостојна и независна држава. Излезеноста на референдумот беше мошне висока - 76%.[8]

Правото на етничката, национална припадност и правото на идентитет се основни принципи на меѓународното право, централен постулат на меѓународниот поредок. Постоењето на нацијата... е дневен плебисцит, исто како што и индивидуалното постење е постојана афирмација на животот.[9] Денес, и покрај грчкиот притисок, истражувањата покажуваат дека македонските граѓани, во огромно мнозинство (83%) **не сакаат да го променат својот идентитет и името** на државата, дури и по цена на

[7] Меѓународна спогодба за граѓански и политички права, член 1.
[8] Види резултатите од референдумот во *Уставно право*, Унион Трејд, Скопје, 1994 година, стр.359, стр..376-380.
[9] Што е тоа нација? (Qu'est-ce qu'une nation?) Ernest Renan, Geoff Eley и Ronald Grigor Suny , издание 1996. Becoming National: A Reader. New York and Oxford: Oxford University Press, стр. 41.

членството во НАТО.[10] Во 1991 како и во 2008 година Македонците го потврдија постоењето на нацијата, таа не може да се доведе под знак на прашање.

Историски гледано, **Грција немаше забелешки на името** на својот северен сосед за времето на Југославија. Од 1944 до 1991 година, „Народна Република Македонија“ (а подоцна и „Социјалистичка Република Македонија“) беше една од шесте конститутивни републики на сојузната држава Југославија. Откако таа се распадна, користејќи ја својата сила, Грција го блокираше меѓународното признавање на Република Македонија, и покрај фактот дека во 1992 година Македонија ги исполни сите услови за признавање кои ги наложи Европската заедница.[11]

За да ја задоволи грчката загриженост дека името на државата имплицира(ло) територијални претензии против Грција, Македонија усвои два амандмани на Уставот (на 6 јануари 1992 година). Тие велат дека Македонија „нема територијални претензии против било која соседна држава“; дека нејзините граници може да се менуваат само во согласност со Уставот и „општо прифатените меѓународни норми“ и дека, во водењето грижа за положбата и правата на своите граѓани и малцинства во соседните земји „таа нема да се меша во сувереното право на другите држави и нивните меѓународни работи“. Македонија ги прифаќа постоечките граници и нема територијални претензии против било кој од своите соседи. Дури и ако одредени екстремни македонски националисти можеби сонуваат или

[10] Види резултатите од истражувањето на http://www.crpm.org.mk/Papers/Surveys/Changing%20the%20name%20or%20NATO%20membership.htm

[11] Во својот Извештај од 15 јануари 1992 година, Европската арбитражна Комисија, предводена од Роберт Бадентер, го искажа мислењето дека Македонија и Словенија во целост ги исполнуваат условите за независност и меѓународно признавање, согласно критериумите кои се однесуваат на меѓународно признавање на државите наследнички на СФРЈ, содржано во Декларацијата на Европската заедница од 16 декември 1991 година. Спротивно на оваа препорака, признавањето беше одложено поради противењето од Грција, со објаснување дека името Република Македонија, наводно, е закана за нејзиниот територијален интегритет и присвојување на хеленското културно наследство.

зборуваат за голема Македонија, државата не поседува никакви средства кои би биле закана за нејзините соседни, за постоечкиот територијален статус кво. Македонија јавно, формално и постојано укажува дека **нема никакви територијални претензии** кон Грција.

Приемот на Македонија во членство во Обединетите нации во април 1993 година со Резулуцијата 47/225 (1993) донесена од Генералното собрание беше направен со одредбата дека „на земјата провизорно ќе и' се обраќаат за сите цели во рамките на Обединетите нации како поранешна југословенска Република Македонија, во очекување на решавањето на разликите кои произлегоа околу името на државата". Под притисок, досега сите македонските Влади се заложија да учествуваат во процесот на ОН и во разговорите околу изнаоѓањето на евентуално решение во „спорот за името". Преговараат и покрај фактот што дополнителните услови кои се однесуваат на името на државата претставуваат **прекршување на членот** 4(1) од Повелбата на Обединетите нации, толкувани од Советодавното мислење на Меѓународниот суд на правдата, на 28 мај 1948 година (кое беше прифатено со Резолуцијата 197/III на Генералното собрание во 1948 година).[12]

Преамбулата на Резолуцијата 817 на Советот за безбедност, со која Македонија беше препорачана за прием во ООН, признава дека „барателот ги исполнува критериумите за членство утврдени во членот 4 од Повелбата на Обединетите Нации". Според Резолуцијата 197 за прием на држава во Обединетите нации и Генералното собрание, ова тврдење значи дека, барателот ги исполнил сите неопходни услови за прием во членството на Обединетите Нации и дека не може да бидат наложени **никакви други услови.**[13] Поништувањето на делот (b) од Резолуцијата 47/225 (1993) на

[12] Види трудот на Игор Јанев „Правните аспекти на употребата на провизорното име за Македонија во системот на Обединетите Нации "," *American Journal of International Law* 93 (1): 155-160, 1999, и „Правната одговорност на Обединетите нации поради незаконскиот прием на Македонија во членство на Обединетите Нации", *Macedonian Affairs 3* (1): 53-88, 2001.
[13] Исто.

Обединетите Нации може да се направи со нова резолуција која исто така ќе ја потврди употребата на уставното име на Македонија во системот на Обединетите нации.

Во тоа време македонската Влада силно се спротивстави на употребата на ова провизорно име, велејќи дека „под никакви услови“ не е подготвена да го прифати тоа провизорно име за државата. Сепак, текстот на резолуцијата остана непроменет и преговорите продолжија до февруари 1994 година кога грчката влада воведе трговско **ембарго против Македонија**. Два месеци подоцна, Европската комисија „побара од Европскиот суд на правдата да го утврди грчкото ембарго како сериозно прекршување на правото на Европската унија“. Грција и Македонија ги нормализираа билатералните односи со Времената спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година.

Согласно договорот, Атина се согласи да ја прекина еднострананата блокада кон својот северен сосед додека Македонија направи **отстапки на добра волја** – се откажа од 16 кракото сонце, симбол на првото знаме на независна Македонија за кој Грција тврдеше дека има историски права и го измени членот 3 од Уставот кој вели дека „нема територијални претензии кон соседните држави“. И двете држави се согласија да ги продолжат преговорите под покровителството на Обединетите Нации додека Грција се согласи да не го попречува приемот на Македонија во членство во меѓународните тела и организации доколку прифати да и’ се обраќаат со провизорното име кое се користи во Обединетите Нации.[14] Ова ја отвори вратата за Македонија да стане членка во голем број на меѓународни

[14] Членот 11 вели: 1. По стапувањето на сила на Времената спогодба, Првата страна се согласува да не го попречува барањето за прием или членството на Втората страна во меѓународни, мултилатерални и регионални организации и институции во кои членува Првата страна. Сепак, Првата страна го задржува правото да не се согласи на членствата во овие организации доколку на Втората страна и’ се обраќаат во тие институции или организации на начин поинаков од ставот 2 од Резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации.

организации и иницијативи, вклучувајќи ги тука Советот на Европа, ОБСЕ и Партнерството за мир.

Во Букурешт, Грција **наложи вето** за да ја спречи поканата кон Македонија да стане членка на НАТО. Грција ја прекрши Времената спогодба. Уште повеќе, Атина се закани дека ќе го искористи своето членство во Европската унија за да влијае и на пристапните преговори на Македонија. Ова е неодговорно однесување и истото мора да се спречи. Укажувањата кон Македонија дека треба да најде решение за „спорот за името“ е укажување на Скопје да прифати промени на своето име и идентитет, чекор кој ниту една македонска влада нема да го направи а да не биде обвинета за предавство. Солидаризирањето со **грчкиот национализам** доведува до тоа дека Копенхагенските критериуми не се важни за пристапувањето на Македонија кон ЕУ, дека најважен фактор е токму некаков дополнителен критериум кој нема никаква врска со демократијата или владеењето на правото. Јавното мислење ќе се сврти против Европската унија. Национализмот и етноцентризмот ќе бидат во подем. Како резултат на сето оваа, сегашната или било која друга идна Влада на Македонија ќе нема стимул и поттик да продолжи со неопходните реформи.

Од друга страна, поддршката од ЕУ кон македонската политика ќе се намалува. Уште поважно, можностите за дополнителна „тивка“ медијација во македонско-албанските политички спорови ќе се намали. Македонскиот национализам ќе се зголемува но исто така ќе се зголемува и албанскиот. Радикалите кај Албанците секогаш биле поттикнувани, особено сега по објавувањето на независноста на Косово и признавањето на истата. Поддршката на грчките позиции ќе биде **сигнал за националистите** од целиот Балкан дека Македонија сеуште не е „нормална“ држава т.е. држава која има безбедна и просперитетна иднина во ЕУ.

Независноста на Косово и противењето на Србија веќе ја комплицираат состојбата на Балканот и на Европската унија не и' е потребна уште една криза. Македонската стабилност е од суштинско знаење бидејќи било каков **конфликт би можел да се прошири** и да ги вклучи и Бугарија, Турција и Албанија. Во моментов Соединетите Држави изгледа дека целосно го разбираат ова и затоа и' ветуваат поддршка на Македонија. Сега е вистинското време да се направи нешто повеќе. Негирањето на постоењето на Македонците и на нивната држава не помага во решавањето на македонскиот проблем и не придонесува кон стабилизирањето на Балканот. Така беше во минатото и така ќе биде во иднина. Единствено решението кое ги признава Македонците и ги почитува нивните национални права ќе биде трајно решение и ќе придонесе кон мирот и стабилноста на југоисточна Европа.

Препораки:

- Македонија не може да прифати промени на своето сопствено име и идентитет. Меѓународната заедница не смее да прави грешка и постојано да го поддржува грчкиот национализам, преку негирањето на македонскиот идентитет. Тоа само ја поткопува стабилноста на Македонија и регионот.
- Владата на Македонија мора да ги прекина преговорите во Обединетите нации и да побара нова резолуција која ќе го потврди користењето на уставното име на Македонија во Обединетите нации.

Како алтернатива,

- Македонија треба да побара од Генералното собрание да ја постави пред Меѓународниот суд на правдата законитоста на резолуцијата 47/225 (1993) и Резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност, поточни нивните делови кои се однесуваат на наметнување на дополнителни услови на Македонија во однос на нејзиното име и приемот во членството на Обединетите нации (поточно, нивната компатибилност со одредбите од членот 4(1) од Повелбата).[15]
- Соединетите Држави и Европската унија мора да поддржат една овие алтернативи со што грчкиот национализам ќе го доведат во *fait accompli* позиција. Ова решавање на името исто така ќе помогне и да се зачува образот на Грција.

[15] Како што тврди господинот Јанев, Генералното Собрание „не може да го опструира таквото барање пред Судот да се покрене барање за советодавно мислење бидејќи бараното мислење се однесува на законитоста на неговите сопствени акти. Таквата опструкција (од било кои причини) во суштина ќе значи дека Генералното собрание, како политичко тело, дава сопствен одговор за законитоста на сопствените акти или воведување на сопствен став во случај во кој тој самиот е страна (претставувајќи ја организацијата). Ова нема да биде компатибилно со основниот законски принцип на правна еднаквост и добра волја како и со мисијата и задачата на организацијата на Обединетите нации во однос на почитувањето на меѓународното право“. Види „ Правната одговорност на Обединетите нации поради незаконскиот прием на Македонија во членство на Обединетите Нации“, *Macedonian Affairs 3* (1): стр 83, 2001 година.

- Македонија не смее да го загуби своето име и треба да продолжи со општествено-економските реформи кои имаат за цел членства во НАТО и Европската унија.